Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година

Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ....... 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....... 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Соврески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ....... 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ....... 103

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2000), Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор наставник, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип („Универзитетски гласник“ број 10 од јули 2009 г.) и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на седницата одржана на 21 февруари 2011 година, со Одлука бр. 2402-32/37 избра Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Марија Јанева, Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област англистика (претседател);
2. проф. д-р Солзица Поповска, Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област англиска книжевност (член);
3. доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област германистика (член),

за избор на соработник во соработничко звање ***асистент*** во научната област ***англистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со објавениот Конкурс во весникот „Дневник“, на 4 февруари 2011 година за избор на соработник во соработничко звање асистент во научна област англистика на Филолошкиот факултет се пријави м-р Крсте Илиев, помлад асистент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Крсте Илиев** е роден на 22 јули 1979 година во Кочани. Со основно и средно образование се стекнува во Кочани (гимназија „Ѓупчо Сантов“). Во учебната 1998/2000 година се запишува на Филолошкиот факултет во Благоевград, Универзитет „Неофит Рилски“, Република Бугарија, група Англиска и француска филологија и превод, а дипломира во јуни 2004 година и се стекнува во звање *професор и преведувач по англиски и француски јазик*. Веднаш потоа се запишува на магистерски студии при истиот универзитет и ги завршува студиите во 2008 год. со магистерскиот труд со наслов „*We are what we eat: investigating identities through investigating the eating habits of people*“ Во меѓувреме работи на определено време како наставник по англиски јазик во основно училиште во Кочани, а исто така и како стручен преведувач и толкувач. Се здобива со правото судски преведувач од македонски на англиски, француски и бугарски јазик во 2004 година. Притоа работи постојано на разна документација и превод на трите и од трите јазика.

Преведувал и сè уште работи на бројна стручна литература, посетил многу конференции и семинари од образовна тематика. Од 2008 год. па до денес работи како помлад асистент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и предава Британска култура и цивилизација, Современ Англиски јазик, Американска Култура и Цивилизација, Сонет во англиската книжевност и Лексикологија. Во 2010 година се запишува на докторски студии на Софискиот универзитет „Климент Охридски“, Р. Бугарија при Факултетот за класични и модерни филологии.

Учествува на бројни конференции во Р. Македонија и е автор на стручни трудови во разни списанија.

***Учество на семинари***

***Учество на симпозиуми, конгреси и конференции***

Октомври 2008 г., Меѓународна конференција на наставници по англиски јазик, организирана од Организација на наставници по англиски јазик на Р. Македонија во Американски универзитет – Скопје.

Октомври 2004 г., Меѓународна конференција на наставници по англиски јазик, организирана од Организација на наставници по англиски јазик на Р. Македонија, Струга.

***Работа на проекти***

1. 2008 „Иновативно користење на ИКТ во наставата" - во организација на УСАД и Министерство за образование.

***Објавени трудови***

***Список на научни и стручни трудови:***

**Илиев. К (2010) *Предизвици во наставата во 21 век*, Годишен зборник на Филолошки факултет, стр.23-25.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на неговото работење како наставник во основни училишта и од оваа учебна 2008/2009 година, на Филолошкиот факултет, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот м-р Крсте Илиев да биде избран во звањето **асистент во научната област англистика.**

Врз основа на приложената документација, констатиравме дека се работи за кандидат кој сосема ги исполнува критериумите за асистент.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Марија Јанева, претседател, с.р.**
**Проф.д-р Солзица Поповска, член, с.р.**
**Доц. д-р Билјана Ивановска, член, с.р.**

**Т А Б Е Л А**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) (25+16+22) x0.2=3.2 | 69 | 0,2 | 13.8 |
| Интерна скрипта по предавања по англиски јазик на Правен факултет | 1 | 4 | 4 |
| Интерна скрипта по предавања по англиски јазик на Факултет за информатика | 1 | 4 | 4 |
| | | | **21.8** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | | | |
| Оригинален стручен труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 4 | 4 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| | | | **8** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **29.8** |